Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-734/9
13-12-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-734/1 од 12.10.2023 година поднесена од [redacted] против [redacted] и Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа- Тетово, за извршена дискриминација врз основа на пол, јазик и личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.12.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол, јазик и личен или општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на [redacted] и Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа- Тетово врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на [redacted] поднесена е претставка бр. 08-734/1 од 12.10.2023 година за сторена дискриминација врз основа на пол, јазик и личен или општествен статус во областа на работата и работните односи во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] и Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа- Тетово ("**ЈУМЦСР- Тетово**") врз Ѓурѓица Новеска.

Согласно наводите од претставката, подносителката е дипломирана социјална работничка со 28 години работно искуство, првично вработена во ЈУМЦСР- Скопје, а од 2014 година работи како водител на случај во ЈУМЦСР- Тетово. Работи на права од социјална и детска заштита, каде раководител на службата е [redacted], а воедно работи и на предмети од службата за услуги, област брак и семејство, каде раководителка е [redacted]. Наведува дека подолг временски период трпи вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација од страна на раководителот [redacted]

Имено, во постапка за развод на брак раководителот, кој нема надлежност во постапките кои се однесуваат на брак и семејство, на ден 14.6.2023 година направил непријатна ситуација каде пред странка се поставувал како тој да е работодавачот, како тој да го води предметот, како да има моќ и слично, а за истото подносителката наведува дека постои и е-мејл каде странката се повикува на раководителот. За истата ситуација, наведува дека раководителот телефонски ѝ се обратил со зборовите: „мајмунке една, да не си ми влегла во канцеларија, да го заборавиш мојот број и да не ме бараш на телефон". Настанот го пријавила кај тогашната [redacted] усно и по електронска пошта, за што од нејзина страна добила повратен одговор дека усно го опоменала раководителот.

Следно, кон крајот на месец јули 2023 година подносителката работела на преиспитување на предмети, кога констатирала дека согласно член 25, 35, 36 и 273 од Законот за социјална заштита, одредени лица неосновано примаат гарантирана минимална помош, за што таа самата како стручно лице ставила потпис „изготвил", а раководителот стоел како краен потписник десно на сите решенија. Во врска со ова, раководителот со висок тон ѝ рекол дека повеќе нема да потпишува

предмети за престанок на правото бидејќи потоа тој имал проблеми, ѝ кажал дека таа не работи во гранична полиција итн., иако на другите вработени им потпишувал решенија. Истиот ден настанот го објаснила на тогашната ВД директорка и побарала од нејзе таа да ги потпишува предметите.

Последниот настан се случил на 3.8.2023 година кога телефонски била повикана од колешка да дојде во нејзината канцеларија, каде бил присутен и раководителот [redacted] и уште една колешка. Истиот дел имало вонреден инспекциски надзор по анонимна пријава, во врска со што го прашала раководителот дали предмет на надзорот бил и нејзин предмет. Раководителот, видно вознемирен, пред колешките повторно ѝ се обратил со висок тон обвинувајќи ја дека таа пријавила во инспекција, по што ѝ се заканил со зборовите „ќе видиш од утре што ќе ти се случи". Во меѓувреме, додека разговарала со колешката која е од иста националност како и раководителот, тој ѝ обратил на колешката на албански јазик и ја прашал „дали си ти со нив или со нас?". Подносителката смета со ваквото постапување била сторена директна дискриминација врз основа на етничка припадност и пол, што резултирало со повреда на нејзиното достоинство, создало застрашувачка и заканувачка состојба и деградирачка и навредлива атмосфера пред колешките, но и пред странките кои се наоѓале во ходникот, а со оглед на тоа дека раководителот се обраќал со висок тон и притоа канцеларијата била отворена. По настанот повторно била кај [redacted] каде биле и инспекторите од Секторот за инспекциски надзор од областа на социјалната и детската заштита при Министерството за труд и социјална политика. Подносителката била видно вознемирена, со силни отчукувања на срцето и не можела да земе здив. Инспекторите се обиделе да ја смират, а потоа од таму во канцеларија кај друга колешка изгубила свест. Од страна на колеги ѝ била укажана помош, но била повикана и брза помош која извршила интервенција. Овој настан го пријавила во СВР Тетово, а била и во Клиничката болница во Тетово, оддел психијатрија, од каде ѝ било отворено боледување од 3.8.2023 година.

По настанот ВД директорката рекла дека веднаш ќе поведе дисциплинска постапка кон раководителот, но истото до денот на поднесување на претставката не било сторено, за што смета дека била изманипулирана од страна на директорката, која не постапила согласно член 213 од Законот за социјална заштита, Етичкиот кодекс на однесување на вработените во социјална заштита, Законот за вознемирување на работно место, а не пријавила ниту повреда на работно место врз основа на душевна болка, стрес и траума во Државниот инспекторат за труд. Во меѓувреме, мандатот на тогашната ВД директорка завршил на 31.8.2023 година.

Како прилог на претставката подносителката ги поднесе следните докази:

- Потврда од СВР Тетово со Рег. Бр. 22.275.1-7999/2 за поднесено писмено Барање по однос на пријавен настан на ден 3.8.2023 година;
- Известување од ЈУМЦСР- Тетово со арх. бр. 03-1305/9 од 11.9.2023 година;
- Листа на посредници кои ќе посредуваат меѓу страните во случај на вознемирување на работното место, бр. 03-1360/1 од 21.8.2023 година;
- Одговор од ЈУМЦСР- Тетово на известување по електронска пошта со арх. бр. 03-1305/6 од 31.8.2023 година;
- Медицински извештај од ЈЗУ Здравствен дом- Тетово, бр. 03-649/2 од 7.8.2023 година;
- Известување во врска со пријавен настан од СВР Тетово, ПС од ОН Тетово, Рег. Бр. 22.27.5.1 481/1 од 15.8.2023 година;
- Е-мејл кореспонденција со [redacted]
- Пријава по мејл до претседателката на [redacted];
- Извештај од ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија Скопје, бр. 12726 од 21.9.2023 година;
- Извештај за привремена спреченост за работа од 7.9.2023 година;

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 24.10.2023 година испрати Известување бр. 08-734/3 за произнесување по наводите од претставката до ЈУМЦСР- Тетово и раководителот [redacted]

На ден 3.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на раководителот [redacted] како одговор на претставката.

Раководителот во одговорот наведува дека подносителката во претставката дала невистинит и неточен опис на настаните. Имено, тој тврди дека [redacted] откако е вработена во ЈУМЦСР-Тетово во 2014 година, од првиот работен ден има проблеми и несогласувања со целиот колектив, почнувајќи од сите поранешни и актуелни директори и раководители, па сè до вработените во Центарот. Раководителот за неа наведува дека има арогантно, агресивно и заканувачко однесување со сите, не ги почитува претпоставените и колегите, смета дека знае повеќе од сите и нема потреба никого да слуша, не почитува работни задачи, бира предмети и реони на кои ќе работи, бира странки на национална основа, бара посебни привилегии кои понатаму се рефлектираат на целокупната работа на установата и на колективните односи, а доколку нејзините услови и привилегии за работа не се исполнат, се заканува дека ќе пријави во инспекција и дека ќе тужи.

Во однос на првиот настан на 14.6.2023 година, тој тврди дека подносителката дала невистинит исказ, односно дека тој како колега само ја консултирал за предмет од друга служба, додека пак таа му се обратила со тешки и навредливи зборови: „кој си ти да ме прашаш мене за предмет", „незналица", „идиот", „ај барај ме уште еднаш па ќе видиш што ќе те снајде тебе и за тој што прашуваш" итн. со што го повредила неговиот личен интегритет пред сите како колега и како раководител.

Во врска со вториот настан од јули 2023 година, наведува дека за нејзе како раководител добил многу жалби од странки во врска со предмети што таа ги води, и тоа дека ги малтретирала странките, им вршела притисоци, на некои не им ги примала барањата за гарантирана минимална помош, а на некои странки им велела да дојдат на почеток на месец, па откако тие ќе дошле им велела да дојдат на крај на месец затоа што имала друга работа. Тој како раководител ја известил за ваквите поплаки, по што таа му одговорила дека ќе ги укине сите странки кои се жалеле и ќе му ги донесе решенијата за тој да ги потпише. Напоменува дека како раководител никогаш не се мешал на ниту еден вработен за начинот на кој се решаваат предметите, туку само побарал од нејзе и од другите вработени кон странките да се однесуваат етички.

За последниот настан кој се случил на 3.8.2023 година наведува дека подносителката цело време им влегува на вработените по канцеларии, им се меша во начинот на кој ги работат предметите, ги прашува какви решенија носат за одредени права, им се заканува дека не работат законски и дека ќе ги пријави во инспекција. На посочениот датум во ЈУМЦСР- Тетово имало вонреден инспекциски надзор по анонимна пријава за предмети за кои таа претходно велела дека ќе ги пријави. Додека тој се наоѓал во канцеларија на вработена во која бил за да ги побара предметите што ги барале инспекторите, [redacted] влегла и со провоцирачки и ироничен тон го прашала дали има и нејзини предмети меѓу пријавените. Тој ја замолил да излезе од канцеларијата и да не пречи во работата, по што таа му се обратила со зборовите: „Кој си ти да ми кажеш да излегувам од канцеларија, мислиш дека јас пријавив во инспекција, ова е најмалку што ти се случило, ќе видиш ти што ќе те снајде тебе и твоето семејство, ти може на жена ти дома да и кажеш што да прави, не мене, ти незналицо ќе не водиш нас, ти си прост и немој да зборуваш албански со колешката тој не ти е службен јазик за комуникација во Центарот". Смета дека ова е директна дискриминација врз


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

основа на етничка припадност. Наведува дека дента таа приредила сцена преправајќи се дека и се слошило, настан кој го вознемирил и за што побарал лекарска помош заради покажување на крвен приситок и настап на тресење, за што вели дека поседува и лекарско уверение.

Последно, истакнува дека [redacted] цело време пишува писма до повеќе институции и инспекции за него, за директорката, како и за вработените, тврдејќи дека секој од нив поединечно ѝ врши мобинг и ја дискриминира. Наведува дека тој како вработен и како раководител никогаш немал проблем со никој друг вработен и дека ги почитува сите колеги без разлика на нивната етничка припадност, пол, вера, ниво на образование, политичка припадност итн. Смета дека целта на подносителката е да го вонемири и да покаже грешна слика за функционирањето на Центарот, без да има било каква причина за истото.

На ден 6.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено дополнување на претставката од страна на подносителката со кое известува дека во меѓувреме поднела тужба до Основен суд Тетово за вознемирување на работно место. Исто така наведува дека вознемирувањето продолжило, и тоа со закани кон нејзини колешки упатени од страна на раководителот [redacted] за што веќе имале и состанок. Смета дека не е запазена постапката во однос на заштита од дискриминација, од причина што не биле земени изјави од колегите. Дополнително наведува дека поранешната [redacted] била сменета од функцијата на ден 1.9.2023 година и оттогаш нова [redacted], но и двете не постапиле согласно Законот за социјална заштита, односно не повеле дисциплинска постапка, а сега дури смета и дека го заштитуваат раководителот. Од таа причина, побарала од новата [redacted] да ја префрли на друго работно место, за што од 1.11.2023 година работи со овластување во дневниот центар.
Во прилог на дополнувањето ја испрати електронската комуникација со ВД директорката.

Понатаму на ден 8.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ЈУМЦСР- Тетово како одговор на претставката.

Во одговорот првенствено информираат дека на ден 21.8.2023 година била донесена одлука за листа на четири посредници кои ќе посредуваат меѓу страните во случај на вознемирување на работно место. На ден 31.8.2023 бил година одржан работен состанок од страна на ВД директорката [redacted] со вработените во ЈУМЦСР- Тетово, при што директорката ги запознала вработените со Законот за заштита од вознемирување на работно место и со листата на посредници. По ова вработените доставиле изјава до раководителите дека се запознаени со законот.

Согласно член 22 од Законот за заштита од вознемирување на работно место, а во врска со поднесеното Барање бр. 03-1278/1 од 4.8.2023 година од [redacted] и Барањето бр. 03-1305/1 од 14.8.2023 година од [redacted], поднесено преку адвокат полномошник, ВД директорката како одговорно лице со известување им предложила на страните спорниот однос да се реши преку посредување и во прилог на тоа доставила список на посредници, во согласност со Одлука бр. 03-1630/1 од 21.8.2023 година. На ден 6.9.2023 година преку електронска пошта било добиено известување од адвокатот полномошник на [redacted] дека од листата на посредници за посредник ја избрала [redacted] додека пак од страна на [redacted] немаат примено известување за избор на посредник од листата на посредници.

Следствено на ова, а со оглед на тоа што во рокот определен со член 22 став 2 од Законот за заштита од вознемирување на работно место не е извршен избор на посредник кој би посредувал во спорниот однос, односно страните не можат да се спогодат за избор на посредник, со известување

ги известиле двете засегнати страни дека не е избран посредник. Од денот на доставувањето на известувањата на двете страни започнал да тече рокот од 15 дена за поднесување на тужба до надлежниот суд за заштита од вознемирување на работно место, а на ден 20.10.2023 година во ЈУМЦСР- Тетово била добиена покана за одговор на тужба поднесена од [redacted] пред Основен суд Тетово против ЈУМЦСР- Тетово и [redacted].

Притоа известуваат дека од страна на ЈУМЦСР- Тетово била побарана соработка со фирмата „Сити Компјутерс ДОО" од Тетово за целите на постапката да се обезбеди копија од видео надзорот во установата за ден 3.8.2023 година, по што на ден 15.9.2023 година од страна на лице вработено во фирмата било извршено преземање на снимен материјал од камерите на нова usb меморија.

На ден 17.11.2023 година подносителката на претставката достави дополнување на претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во насока што достави медицински документ од денот кога раководителот [redacted] индиректно ја виктимизирал, со што дополнително и се нарушила здравствената состојба. Станува збор за истиот ден кога побарала промена на работно место.

На ден 20.11.2023 година подносителката повторно достави дополнување на претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Во дополнувањето наведува дека со Овластување бр.03-1825/1 од 31.10.2023 година со кое била преместена во дневниот центар и била извршена директна дискриминација. Со овластувањето ВД директорката на ЈУМЦСР- Тетово ја овластила [redacted] да ги извршува работите и работните задачи опишани во Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ МЦСР Тетово во Дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост при ЈУМЦСР- Тетово. Во точка 2 од Овластувањето е наведено дека таа е должна да извршува и работи и работни задачи кои не се содржани во описот на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУМЦСР- Тетово, а кои се соодветни со нејзината професионална квалификација и со работните компетенции.

Исто така, со предметното Овластување не било наведено кои работни задачи треба да ги извршува, а бидејќи во Дневниот центар постојат повеќе работни места, како што се медицинска сестра, воспитувач итн. тогаш прашува дали неутврдувањето на тоа кои работни задачи ќе ги извршува значи дека треба да ги извршува работните задачи од сите работни места во Дневниот центар, од чистачка до раководител. Дополнително во Овластувањето не било предвидено до кога ќе трае истото, што смета дека е спротивно на член 10 од Општиот колективен договор за јавниот сектор. На ваков начин вели дека е оневозможена да ги извршува квалитетно работните задачи бидејќи не знае што треба да работи.

По увид во наводите од претставката, произнесувањата по истите, како и доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Подносителката на претставката е дипломирана социјална работничка, вработена како водител на случај во ЈУМЦСР- Тетово. Работи на права од социјална и детска заштита, служба во која раководител е [redacted]. Изнесеното тврдење за сторено вознемирување на работното место врз дискриминациска основа се темели на три последователни настани.

Имено, за првиот настан на ден 14.6.2023 година подносителката тврди дека раководителот направил непријатна ситуација каде пред странка се поставувал како тој да е работодавачот и како тој да го води нејзиниот предмет, а дополнително и дека телефонски ѝ се обратил со погрдни зборови зборови. Настанот го пријавила кај тогашната [redacted] усно и по електронска пошта, за што од нејзина страна добила повратен одговор дека усно го

опоменала раководителот. Во врска со овој настан, раководителот тврди дека тој како колега само ја консултирал за предмет од друга служба, додека пак таа му се обратила со тешки и навредливи зборови, со што го повредила неговиот личен интегритет пред сите како колега и како раководител.

Вториот настан се случил кон крајот на месец јули 2023 година кога подносителката констатирала дека одредени лица неосновано примаат гарантирана минимална помош, за што таа самата како стручно лице ставила потпис „изготвил“, а раководителот стоел како краен потписник на сите решенија. Откако го констатирала тоа, раководителот ѝ рекол дека повеќе нема да потпишува предмети за престанок на правото, иако таа тврди дека на другите вработени им потпишувал решенија. Истиот ден настанот го објаснила на тогашната ВД директорка и побарала од нејзе таа да ги потпишува предметите. Во врска со овој настан, раководителот наведува дека за нејзе како раководител добил многу жалби од странки во врска со предмети што таа ги води, а откако тој како раководител ја известил за ваквите поплаки, таа му одговорила дека ќе ги укине сите странки кои се жалеле и ќе му ги донесе решенијата за тој да ги потпише. Напоменува дека како раководител никогаш не се мешал на ниту еден вработен за начинот на кој се решаваат предметите, туку само побарал од нејзе и од другите вработени кон странките да се однесуваат етички.

Последниот настан се случил на 3.8.2023 година кога подносителката телефонски била повикана од колешка да дојде во нејзината канцеларија, каде бил присутни и раководителот и уште една колешка. Истиот дел имало вонреден инспекциски надзор по анонимна пријава, во врска со што го прашала раководителот дали предмет на надзорот бил и нејзин предмет, а тој видно вознемирен пред колешките повторно ѝ се обратил со висок тон и обвинувања. Тврди дека во меѓувреме, раководителот ѝ обратил на колешката на албански јазик и ја прашал на чија страна е. По настанот подносителката изгубила свест, при што од страна на колеги ѝ била укажана помош, а била повикана и брза помош која извршила интервенција. Настанот го пријавила во СВР Тетово, а била и во Клиничката болница во Тетово, оддел психијатрија, од каде ѝ било отворено боледување од 3.8.2023 година. Раководителот пак за истиот настан тврди дека додека тој се наоѓал во канцеларија на вработена во која бил за да ги побара предметите што ги барале инспекторите, подносителката влегла и со провоцирачки и ироничен тон го прашала дали има и нејзини предмети меѓу пријавените, по што тој ја замолил да излезе од канцеларијата и да не пречи во работата. На ова таа му возвратила со навредливи зборови и му кажала да не зборува албански со колешката бидејќи тој не е службен јазик за комуникација во установата. Во однос на онесвестувањето тој вели дека подносителката приредила сцена, односно се преправала дека и се слошило, а бидејќи бил вознемирен од настанот побарал лекарска помош, за што вели дека поседува и лекарско уверение.

Од страна на подносителката и раководителот биле поднесени барања до ЈУМЦСР- Тетово за заштита од вознемирување на работно место согласно Законот за вознемирување на работно место, и тоа Барање бр. 03-1278/1 од 4.8.2023 година од [redacted] и Барање бр. 03-1305/1 од 14.8.2023 година од [redacted] преку адвокат полномошник. Во согласност со Одлука бр. 03-1630/1 од 21.8.2023 година, тогашната ВД директорка им предложила на страните спорниот однос да се реши преку посредување и за таа цел им доставила список на посредници. На ден 6.9.2023 година преку електронска пошта било добиено известување од адвокатот полномошник на [redacted] дека од листата на посредници за посредник ја избрала [redacted] додека пак од страна на [redacted] не било доставено известување за избор на посредник од листата на посредници. Бидејќи страните не можеле да се спогодат за избор на посредник, биле известени дека не е избран посредник, по што [redacted] поднела тужба пред Основниот суд Тетово против ЈУМЦСР- Тетово и [redacted]

Последно, подносителката на претставката побарала во меѓувреме да биде преместена на друго работно место, за што било донесено Овластување бр.03-1825/1 од 31.10.2023 година со кое е

овластена да ги извршува работите и работните задачи опишани во Правилникот за систематизација на работните места во ЈУМЦСР- Тетово во Дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост при ЈУМЦСР- Тетово.

Законот за спречување и заштита од дискриминација го дефинира вознемирувањето во член 6:

„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."

Во конкретниот случај, евидентно е постоење на несакано постапување кое резултирало со создавање на непријателска средина помеѓу подносителката на претставката [redacted] и раководителот [redacted] но не постојат факти и околности кои укажуваат на тоа дека истото било сторено врз некоја дискриминаторска основа. Имено, од опишаните настани не може да се заклучи дека нетрпеливоста и нарушениот однос се темели на полот, јазикот и личниот или општествен статус на подносителката, како нејзини заштитни карактеристики. Оттука, не може да стане збор за сторено вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, туку за можно вознемирување на работното место во смисла на Законот за заштита од вознемирување на работно место.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дека станува збор за извршена дискриминација од страна на [redacted] и ЈУМЦСР- Тетово врз подносителката [redacted]

Скопје
13.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа- Тетово, ул. 121 бр.2, 1200 Тетово